Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 39-та седница одржана на 06.10.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-3700/1 од 05.10.2022 година за покренување прекршочна постапка против операторот АЛТРА - САТ 2000 од Охрид за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-3676/1 од 04.10.2022 година на Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на подрачјето на општина Охрид, за своите корисници ги реемитува програмските сервиси „RTL“, „RTL II“, „Super RTL“, „VOX“, „Rai Uno“, „Rai Due“, „HRT 1“, „HRT 3“, „HRT 4“, „Slovenia 1“, „RTCG Sat“, „Sat 1“ и „PRO Sieben“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-3699/8**

**06.10.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**